**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-4400/26
Датум: 23.12.2009 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 47 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје а во врска со член 371 од Статутот на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, а на барање од Студентскиот парламент на ФЕИТ, Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 23.12.2009 година, донесе

# О Д Л У К А

за организирање дополнителна ден-сесија

1. Се организира дополнителна ден-сесија за **задолжителните предмети од парен семестар** од сите години на додипломските студии според ЕКТС на **30.01.2010** година (сабота).
2. Студентот има право да пријави за полагање само еден предмет.
3. При пријавување на испитот студентите плаќаат надоместок во висина од 1.000,00 денари.
4. Резултатите од испитот се објавуваат најдоцна три (3) дена по завршување на испитот.
5. Пријавите од испитот се враќаат на службата за студентски прашања најдоцна до 05.02.2010 година до 14:00 часот.
6. Студентите поднесуваат пријави за ден сесијата на 25.01.2010 год. (понеделник).
7. Средставта што ќе бидат уплатени како надоместок за ден сесијата ќе се искористат за подобрување на условите за настава на студентите (инсталирање на озвучување во поголемите училници), како и за изработка на информациониот систем на студентската служба на ФЕИТ.
8. Одлуката да се достави до: ННС, WEB страницата на Факултетот, студентска служба, продекан за настава, огласна табла, СС ФЕИТ и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н

Проф. д-р Миле Станковски